А.Д. "М О Д А" - СВЕТИ НИКОЛЕ

Бр. 02 – 246

16.04.2024 год.

З А П И С Н И К

Од седница на Собранието на акционери при А.Д. "Мода" Св. Николе одржана на ден 16.04.2024 год. со почеток во 11,00 часот во трпезаријата на Друштвото.

На седницата присуствуваа: господин Манфред Михалски ополномоштен да ги застапува фирмите: "New Look-Design" од Oldenburg, Германија со 345.609 акции со право на глас, A.J.T. Vermogensverwaltung – GmbH од Oldenburg, Германија со 236.563 акции со право на глас, L.M.K. Holding GmbH од Bad Zwischenahn, Германија со 236.564 акции со право на глас и 15 акционери со 251.498 акции со право на глас или вкупно 1.070.234 акции со право на глас односно 74.76 % од вкупните акции со право на глас.

Како поканети присуствуваа: Марија Левкова претставник на Друштвото за ревизија "ПКФ ЕФП" од Скопје, Мара Саздовска Претседател на Одборот на Директори, Ангел Димитров извршен директор.

Седницата ја отвори господин Манфред Михалски. Тој ги поздрави присутните акционери и гоститеи предложи да започне седницата по нормалниот редослед и да се гласа за претседавач на седницата, при што за претседавач на седницата го предложи Панев Боро.

Собранието на акционери едногласно го избраа Панев Боро за Претседавач на седницата.

Панев Боро се заблагодари на укажаната доверба да претседава со денешното Собрание и предложи да се продолжи со процедуралниот дел од Собранието односно да се изберат работни тела на Собранието, записничар, заверувачи на записникот и бројачи на гласови.

Собранието на акционери со 74,76%од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ги избраа за записничар Елена Симоновска, за заверувачи на записникот Гоце Миланов и Зоран Тодосов, а за бројачи на гласови Виолета Димитрова и Марија Масевска.

Потоа се премина на работниот дел од Собранието.

Претседавачот констатира дека според списокот на акционери на денешното Собрание присуствуваат 15 акционери со 1.070.234 акции. Според тоа на Собранието учествуваат 74,76% од вкупните 1.431.617 акции со право на глас и има кворум за работа.

Потоа Претседавачот го прочита дневниот ред предложен од Одборот на директори:

1. Усвојување на Записникот бр. 02 – 216 од 30.05.2023год.
2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2023година.
3. Донесување на Одлука за покривање на загубата остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2023 година.
4. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото.
5. Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи, со Мислење.
6. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските Извештаи на МОДА АД Св. Николе за деловната 2024 год.
7. Донесување Одлука за распределба на акумулираните добивки за исплата на дивиденда,
8. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда од акумулираните добивки и утврдување на дивиденден календар.

Дневниот ред е ставен на претрес и дискусија.

Откако никој не се јави за дискусија се премина на гласање.

Собранието на акционери со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас го усвои дневниот ред.

Тек на седницата

точка 1

Претседавачот на Собранието на претрес и дискусија го стави Записникот бр. 02 – 216 од 30.05.2023 год. Се предлага да не се чита записникот бидејќи е објавен на веб страната на А.Д Мода и на Македонската берза за хартии од вредност.

Откако Записникот беше прочитан и никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање.

По извршеното гласање Записникотбр. 02 – 216 од 30.05.2023 год.се усвои со 74,76%од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас без измени и дополнувања.

Точка 2

По оваа точка од дневниот ред на претрес и дискусија се стави одобрувањето и усвојувањето на Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2023 год.

Збор зема Извршнио директор Ангел Димитров кој рече дека може веќе сме запознаени дека има промени во управувачката односно сопственичката структура на CASAMODA, господинот КлаусКатт веќе не е таму и неговиот удел го има продадено на четири директори од CASAMODA. Тие четири директори сега се сопственици на најголемиот дел од компаниите со кои ние соработуваме.

Во врска со производството едно се случуваше во 2023 година, сега се случува нешто ново, но ајде по ред од 2023 година. 2023 година бевме под еден постојан притисок да правиме по 5.000 парчиња дневно од страна на CASAMODA бидејќи навистина имаа потреба од продажба на кошули. Ние со намален број на работници тешко можевме тоа да го направиме, со сите прекувремени саботи и тоа не беше доволно и вработивме луѓе преку Агенција за времени вработувања и тоа ни ги зголеми доста трошоците. Бројќите покажуваат дека се остварени 726.977 кошули и тоа е за 9% помалку во однос на 2022 година, но тоа не е баш реално затоа што тогаш шиевме за GuldiModen со пониски цени и помало време за изработка. Но ако го земеме износот во евра кој изнесуваше 3.415.000 ерва тоа е за 22% повеќе од 2022 година. Просечната цена нормално дека е покачена, затоа што GuldiModen имаше пониски цени и е некаде за 32% подобра од 2022 година. Но најдобар показател е остварената продуктивност односно на пример во 2023 год. работниците на норма имаат остварено 6.42 евра на час, додека во 2022 год. беа 5.41 евро на час, односно 18.6% подобра продуктивност. Вкупните часови се за 2.6% повеќе или гледано низ плати вкупните бруто плати изнесуваат 174 милиони во однос на ланските кои се 133 милиони, односно се поголеми за 30%. Но тоа се платите само на вработените во АД Мода. Ако ги земеме и платите на работниците од Агенцијата за вработување тогаш вкупната плата е порасната за 39%. Што значи една од причините да оваа година имаме лоши финансиски резултати или загуба е растот на платата повеќе од растот на продуктивноста. Продуктивноста пораснала за 18.6%, а платите пораснале за дури 39%. Ние ова и го очекувавме, знаевме дека мора да се качат платите и свесно одевме во загуба знаејќи дека имаме доволно финансиски акумулирани добивки со кои без проблем може да ја покриеме таа загуба и навреме да исплатиме плати и сите други трошоци. То значи дека и покрај тоа што имавме зголемување на приходите остваривме загуба од 18.900.000 денари и како што кажав покрај зголемувањето на платите причина за загубата исто така е и враќањето на финансиската помош за март месец 2021 година со решение од УЈП од 6.636.000 денари.Проблемот е што требаше да вратиме пола од помошта, а нам ни ја земаа целата помош со чудно образложение дека прво сме примале нови луѓе, а потоа сме напуштале, а вкупниот број на крајот на месецот останува непроменет. Затоа и поднесовме тужба до Управен суд и чекаме резултати.

Успеавме да направиме една добра структура на работници, бројот на луѓето кои ги дотиравме постојано опаѓаше и сега е сведен на мал број на работници. Мислам дека

со покачувањето на платите од месец Февруари имаме и добра мотивираност. Но за жал после се ова што направивме ни стигнаа вести од CASAMODA дека следи намалување на нарачките и на нашето дневно производство. Така да според нивните најави до Септември наместо 5.000 комади ќе имаме 4.500, од Септември ќе се намали на 4.000 комади, а од Нова година натаму можеби и на 3.500 комади. Доколку не најдеме други купувачи ќе треба да намалиме од работниците кои се на определено време. Голема штета е тоа затоа што навистина сега сме задоволни одтоа што добро се работи во фирмата, добро одат налозите, продуктивноста е добра, платите се навистина солидни, но штета е ако ова се направи со производството ќе мора да се намали бројот на работници. Гледаме да најдеме и други купувачи, денеска добивме документација за да конкурираме на тендер за Швајцарската војска. Доколку добиеме тоа се околу 35-6 илјади кошули годишно. Преговараме и со други фирми, разговаравме и со GuldiModen кои се задоволни од соработката со нас. Доколку најдеме други купувачи намалувањето ќе биде минимално. Пазарот е таков, на него влијаат многу работи како војната во Украина, енергетската криза, новата војна во Израел, сето тоа влијае на побарувачката.

Направив една анализа на движење на платите и на цените. Од 2006 година до некаде 2011 година отприлика платите по малку се качувале. Следниот период од 2011 год. до 2015 год. платите подрастично растат, а цените во 2014 год. се намалени. Од 2016 год. имаме благо намалување на цените, но платите растат. И последниот период од 2020 год. платите имаат огромен скок, додека цените на услугите растат но многу помалку. Ние сме свесни дека во вакви услови платите треба да одат нагоре, но се судираме со проблемот на нашата конкурентност во однос на државите на Далечниот Исток бидејќи CASAMODA работи и во Бангладеш во две фабрики и мислам дека тоа е дел од причините да се судриме со недостиг од работа.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласање најпрвин Одлуката за одобрување и усвојување на Годишната сметка на А.Д. "Мода" и финансиските извештаи за 2023 год.

Одлуката за одобрување на Годишната сметка на А.Д. "Мода" и финансиските извештаи за 2023 год. е усвоена со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

На гласање се стави Одлуката за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на А.Д. "Мода" Св. Николе за 2023 год.

Одлуката за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на А.Д. "Мода" Св. Николе за 2023 год. е усвоена со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

точка 3

Донесување на Одлука за покривање на загубата остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2023 година.

Извршниот директор Ангел Димитров зема збор и кажа дека нема никаков проблем со покривање на загубата или со нарушување на ликвидноста затоа што минатите години издвојувавме средства и тие средства сега ќе ги искористиме за покривање на загубата за 2023 година.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласањеОдлука за покривање на загубата остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2023 година.

Одлуката за покривање на загубата остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2023 година е усвоена со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

точка 4

Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој рече дека секоја година Собранието на акционери гласа поединечно за секој член од Одборот на директори. Кај нас има едностепен систем на управување, јас како Извршен директор, господинот Манфред Михалски и Мара Саздовска како неизвршни директори и Владимир Стојанов како неизвршен и независен член. Мислам дека сите добро си ја вршиме својата работа. Во вакви тешки времиња е тешко човек да предвиди што ќе се случува, но ние мора да бидеме спремни на сите предизвици што стојат пред нас да организираме производство, да ги исплатиме платите. Растот на платата е од 9.000 ден. на 28.000 денари, а растот на цените е во 2006 год. 3.01 евра, а сега е 4.76 евра. Растот на цените е помал од растот на платите и затоа не можеме да очекуваме понатаму да имаме големи профити. За фирмата е битно да е стабилна финансиски, платите да се исплаќаат на време, да ги покриваме сите трошоци и да ги испорачува стоките на време на нашите купувачи.

Претседавачот на седницата го стави на гласање одобрувањето на работата на Извршниот директор Ангел Димитров.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Извршниот директор Ангел Димитров.

На гласање се стави одобрување на работата на Неизвршниот директор Манфред Михалски.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Неизвршниот директор Манфред Михалски.

На гласање се стави одобрување на работата на Неизвршниот директор и претседател на Одборот на директори Мара Саздовска.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Неизвршниот директор и претседател Мара Саздовска.

На гласање се стави одобрување на работата на Неизвршниот директор на Одборот на директори Владимир Стојанов.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Неизвршниот директор Владимир Стојанов.

точка 5

Одлука за Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2023 год., со Мислење.

Збор зема Марија Левкова претставникот од ревизорската куќа Друштво за ревизија "ПКФ ЕФП"ДООЕЛ од Скопјекоја ги поздрави сите присутни и упати посебна благодарност до раководствотоза соработката.

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи за 2023 година и мислењето за финансиските извештаи е реално и позитивно, освен резервните делови кои што се набавени претходни години кои не се во употреба и чија вредност е многу пониска од прикажаната. Ќе се отпишуваат дел по дел при што секоја година треба да се обезвреднат односно дека не може да се користат и да се фрлат во отпад. Она што го кажа и Извршниот директор Ангел Димитров го потврдуваме дека драстичното зголемување на платите резултира со загуба во 2023 година. Што се однесува за сите други аспекти веќе реков дека имаме позитивно мислење, односно со други зборови финансовиот сектор одлично си ја врши работата.

По извршеното гласање Собранието на АД "Мода"со 74,76%од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја усвои Одлуката за одобрување на Ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи со мислење за 2023 год.

точка 6

Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на АД Мода Св. Николе за деловната 2024 год.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој предложи за 2024 година како овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на АД Мода Св. Николе да биде Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП"ДООЕЛ од Скопје.

По извршеното гласање Собранието на АД "Мода" со 74,76%од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја усвои Одлуката за назначување на Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП"ДООЕЛ од од Скопје за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 год.

точка 7

Донесување на Одлука за распределба на акумулираните добивки остварени до 31.12.2017 година, за исплата на дивиденда.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој кажа во консултација со доминантниот акционер се определивме иако имаме загуба оваа година да исплатиме дивиденда. Дивидендата отприлика изнесува околу 150.000 евра на која треба да се плати персонален данок 10%. Износот на дивиденда по една акција изнесува 6.45 денари бруто и 5.80 денари нето.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласањеОдлуката за распределба на акумулираните добивки за исплата на дивиденда.

Одлуката за распределба на акумулираните добивки за исплата на дивиденда е усвоена со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

точка 8

Донесување на Одлука за исплата на дивиденда од акумулираните добивки и утврдување на дивиденден календар.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој кажа согласно Законот за Трговски друштва и Правилникот за котација кога се исплаќа дивиденда треба да се утврдат неколку протоколи и износи. Прво висината на бруто дивидендата која изнесува 6.45 денари или тоа е 10.5% од номиналната вредност на акцијата. Последен ден на тргување со право на дивиденда ќе биде 26.04.2024 год., прв ден на тргување без право на дивиденда е 29.04.2024 год., а акционерската книга ќе биде извадена на 30.04.2024 год. Исплатата на дивидендата ќе започне на 15.05.2024 год.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласање Одлуката за исплата на дивиденда од акумулираните добивки и утврдување на дивиденден календар.

Одлуката Одлуката за исплата на дивиденда од акумулираните добивки и утврдување на дивиденден календар е усвоена со 74,76% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

Претседателот на собранието праша дали има некој од присутните уште некое дополнително прашање или предлог.

На прашањето дали ќе се исплати регресот за годишен одмор Извршниот директор Ангел Димитров рече дека прва обврска пред да заминеме на одмор е да се исплати втората рата од јубилејната награда на вработените и доколку се биде како што треба

регресот за годишен одмор ќе биде исплатен околу 25-6 Јули 2024 год. и после да користиме годишен одмор две недели.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред седницата на Собранието на акционери заврши со работа во 12,00 часот.

Собрание на А.Д. "Мода"

Претседавач

Панев Боро _____

Записничар:

Елена Симоновска _____

Бројачи на гласови:

1. Виолета Димитрова _____

2. Марија Масевска _____

Заверувачи на Записникот:

1. Зоран Тодосов _____

2. Гоце Миланов _____